# 228. МОРЕ ШЕФТЕЛИ МОМЕ




Море Шефтели моме,
блага јаболко, блага јаболко,
море пазам те пазам
да те дограбам темни темници.

Море не ќе ме грабнеш,
што ќе ми чиниш, што́ ќе ми правиш,
море не сум јаболко,
да ме расечеш, да ме изедеш.

Море пазам те пазам
да те дограбам темни темници,
море темни темници
тесни сокаци, тесни сокаци.

Море не сум јаболко,
да ме расечеш, да ме изедеш,
море не сум бел симит,
да ме раскршиш, да ме раздадеш.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995